Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

04.09 септември 2025 година

Архивски број: 67-6068/4

Министерството за транспорт, решавајќи по барањето од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје број 07/25 од 10.07.2025 година и дополнување на барање со број 0301-07/25 од 20.08.2025 година, ополномоштено од ЕФТ СОЛАР Скопје за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе, со плански опфат (143 ха), изработен од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со тех. број 07/25 од јули 2025 година, како постапка во информацискиот систем „е-урбанизам" број 73207 со барање од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со тех. бр. 07/25 од 10.07.2025 година, а заведено во архивата на Министерството под број 67-6068/1 од 15.08.2025 година и дополнување на барање под број 67-6068/2 од 20.08.2025 година, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), го донесува следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе, со плански опфат (143 ха), изработен од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со тех. број 07/25 од јули 2025 година.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, изработи и достави барање за одобрување на државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе.

Комисијата за урбанизам формирана од Министерот за транспорт со Решение бр. 02-4476/1 од 09.06.2025 година, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување бр. 67-6068/3 од 20.08.2025 година.

Во прилог на постапката се приложени:

- Полномошно од правно лице ЕФТ СОЛАР Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр.15-А/2-6 Скопје Центар, претставувано од управител Христина Давидовска, кој го опошномоштува правниот субјект „ТИМ ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Скопје претставуван од управител Тонка Ромева, заверено на нотар Снежана Видовска со бр.УЗП 1523/2025 на 11.03.2025 година;
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, општина Свети Николе, со технички број Y22025 од јуни 2025 година;
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, со Арх. Бр. УП1-15-2537/2 од 25.06.2025 година, обезбедено во релевантна постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ број 71319;
- Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе, со плански опфат (143 ха), изработен од „ТИМ ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Скопје, со тех. број 07/25 од јули 2025 година;
- Студија на оправданост за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење;
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - Ажурирана геодетска подлога за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични

електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе, со бр. 0801-031/25 од 09.07.2025 година, заверен од Агенција за катастар на недвижности со бр.1110-39/2025 од 09.07.2025 година;

- Мислење од општина Свети Николе во врска со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе, бр. 1002-68/13-2 од 09.04.2025 година;
- Податоци од АД Водостопанство на РСМ – Скопје, бр.11-893/3 од 07.04.2025 година;
- Податоци од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 10-55/4-140 од 04.04.2025 година;
- Одговор на барање од АД ЕСМ -Скопје Дирекција со бр.08-3931/1 од 16.06.2025 година;
- Податоци од ЈП за железничка инфраструктура – Железници на РСМ – Скопје, бр. 20-1813/2 од 15.05.2025 година;
- Податоци и информации од ЈПДП, бр.10-5117/2 од 02.05.2025 година;
- Одговор на барање на податоци и информации од МВР, Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации, рег.бр.11.2.40523/2 од 11.04.2025 година;
- Податоци од АД МЕПСО, бр.11-1729/1 од 24.03.2025 година;
- Одговор на барање од Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина, бр.11-1843/2 од 20.05.2025 година;
- Одговор од Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини бр.14-1648/2 од 23.04.2025 година;
- Одговор на барање од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство и ловство, бр.47-7426/2 од 29 мај 2025 година;
- Одговор на барање од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, бр.40-6557/3 од 30.05.2025 година.
- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Штип, Р.С.Македонија, бр.08-146/4 од 14.05.2025 година;


Министерство за транспорт на
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

- Одговор на барање податоци од АД „НОМАГАС“-Скопје, бр. 08-1551/2 од 19.03.2025 година;
- Податоци од Македонски Телеком АД Скопје, бр.70040 од 20.03.2025 година;
- Податоци од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, бр.17-1206/2 од 02.04.2025 година;
- Податоци од АЦВ, бр.12-8/221 од 28.03.2025 година.
- Податоци и информации од ЈКП „Комуналец“ – Свети Николе, бр.0306-18/54-2 од 19.03.2025 година;
- Изјава од правно лице ЕФТ СОЛАР Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр.15-А/2-6 Скопје Центар, претставувано од управител Христина Давидовска, дека ќе ги сноси сите евентуални трошоци за пренамена на земјоделското земјиште во градежно, заверено на нотар Ана Дојчиновска со бр. УЗП 12128/2025 на 15.08.2025 година.

Министерството за транспорт по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување бр.67-6068/3 од 20.08.205 година на Планската програма од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.С.Македонија”, бр. 32/20, 111/23 и 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ”, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Министер**
**Александар Николоски**

Изработил: Александар Наумоски, дси

Одобрил: Илина Лалкова, диа
Помошник раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk